МЕЃУНАРОДЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЕРСКИТЕ СЛОБОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

Извршно резиме

Уставот ја забранува верската дискриминација и ја гарантира слободата на верата и правото на верско изразување. Тој обезбедува еднаквост пред законот за сите граѓани, без разлика на нивните верски убедувања. Во Уставот се наведени називите на пет верски заедници; останатите религиозни групи можат да побараат регистрација кај соодветните државни органи, со цел, да ги уживаат истите придобивки што им припаѓаат на петте именувани заедници. Надлежниот суд за регистрација на верски субјекти одби едно од поднесените барања за регистрација, го прифати второто, а за останатите две, сè уште се очекува одлуката на судот. Одредени религиозни групи известуваа за повластениот третман што го има Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) од страна на државата. Во месец јануари започна повтореното судење на водачот на Православната охридска архиепископија (ПОА), обвинет за перење пари, меѓутоа, истото беше двапати одложувано. Претставниците на ПОА, која не беше во можност да се регистрира како верски субјект, тврдеа дека ПОА е дискриминирана од страна на државата. Според муслиманската заедница, државните органи одбивале да издаваат градежни дозволи за изградба или реконструкција на џамиите. Најголемата муслиманска верска група во земјата, односно Исламската верска заедница на Република Македонија (ИВЗ), ги повтори своите тврдења дека власта и понатаму врши незаконско прислушување на нивните лидери.

Во текот на годината, дојде до судир помеѓу старото и новото раководство на ИВЗ, а Заедницата на Суфиите - Бектеши во Македонија (од Тетово) повторно се жалеше дека е цел на вознемирување од лица поврзани со ИВЗ. На социјалните медиуми беа забележани неколку инциденти на антисемитски говор, како и акти на вандализам насочени против верските објекти. МПЦ-ОА пријави околу десетина разбојнички кражби во православните цркви и манастири.

Амбасадорот на Соединетите американски држави, како и други службени лица од Амбасадата, остварија средби со претставници од Владата, Собранието, верските заедници и граѓанскиот сектор, на кои се разговараше за прашања поврзани со верските слободи. Во своите јавни обраќања, како и на средбите со високите владини претставници, Амбасадорот говореше за темите на меѓуверската толеранција, важноста на отворениот дијалог и борбата против насилниот екстремизам. Амбасадата обезбеди финансиска поддршка за посетата на еден предавач од странство, кој говореше за меѓуверската толеранција и борбата против насилниот екстремизам. Амбасадата ги поддржа и напорите за едукација за холокаустот на Евреите.

Дел 1. Верска демографија

Според проценките на Владата на САД, вкупниот број на население во државата изнесува 2.1 милиони (во месец јули 2016 година). Според податоците од последниот попис спроведен во 2002 година, 65 проценти од вкупното население се православни христијани, а 33 проценти муслимани. Останатите верски заедници заедно учествуваат со помалку од 2 проценти во севкупното население, а меѓу нив се католиците, припадниците на различните протестантски групи и Јеховините сведоци, а според податоците на Еврејската заедница и околу 200-250 Евреи.

Најголемото мнозинство од муслиманите се Сунити и повеќето од нив живеат во северните и западните делови од земјата. Мнозинството православни христијани ги населуваат централните и југоисточните региони. Постои меѓусебна поврзаност помеѓу етничката и верската припадност на населението: мнозинството православни христијани се етнички Македонци, додека пак најголемиот дел од муслиманите се етнички Албанци. Дополнително, мнозинството Роми, како и речиси сите етнички Турци и Бошњаци се муслимани, додека најголемиот број Срби и Власи се православни христијани. Постои взаемна врска и помеѓу верската припадност и политичката ориентација, имајќи предвид дека поделбата на политичките партии, во голема мерка ја следи линијата на етничката припадност.

Дел 2. Состојба во однос на почитувањето на верските слободи од страна на државата

Правна рамка

Уставот забранува дискриминација на верска основа и гарантира еднаквост на правата на сите граѓани, без разлика на нивните верски убедувања. Тој ја гарантира слободата на вероисповедта и правото на поединците слободно и јавно да ја изразуваат својата вера, поединечно или во заедница со други лица. Уставот го гарантира верскиот идентитет на националностите и заедниците во земјата. Државата признава пет верски заедници кои се конкретно наведени во Уставот: Македонската православна црква, Исламската верска заедница на Македонија, Католичката црква, Евангелско Методистичката црква и Еврејската верска заедница. Законите им овозможуваат и на другите верски организации да побараат признавање од страна на државата и преку судска регистрација, да се стекнат со истите законски права и статусот што им припаѓа на овие пет заедници. Во Уставот стои дека петте наведени заедници и "другите верски заедници и групи" се одвоени од државата и еднакви пред законот и се слободни во основањето верски училишта, добротворни организации и други социјални установи. Согласно Уставот, секое поттикнување верска омраза или нетолеранција од страна на политичките партии или други здруженија на граѓаните е забрането.

Во државата законски се регистрирани 33 различни верски организации (од нив 16 цркви, девет верски заедници и осум религиозни групи). Откако ќе се регистрира,

црквата, верската заедница или групата, е ослободена од плаќање даноци и има право да бара поврат на имотот што бил национализиран во текот на комунистичкиот период, да учествува во проекти финансирани од страна на Владата и да бара издавање градежни дозволи за потребите на заштита и обнова на своите светилишта и културни објекти. Тие имаат можност и за основање верски училишта. Доколку верската организација не е соодветно регистрирана, тоа не значи дека ѝ е забрането да одржува состаноци или да стекнува нови следбеници или дека ќе биде законски или парично казнета, меѓутоа, може да ја оневозможи реализацијата на одредени нејзини активности, како на пример, основањето верски училишта и примањето донации што носат даночни ослободувања за донаторите.

Верските организации можат да побараат да бидат регистрирани како "црква", "верска заедница" или "религиозна група". Ваквата класификација се заснова врз големината на групата, нејзината внатрешна организација и хиерархија. Според судската власт, овие три категории уживаат подеднаков третман пред законот и не поседуваат различни законски права, бенефициии или обврски. Барањата за регистрација се поднесуваат до Основниот суд Скопје 2 во Скопје, а во рок од 15 работни дена, судот е должен да утврди, дали поднесеното барање на верската организација ги задоволува законските критериуми за регистрација. Критериумите го вклучуваат следново: физичко и административно присуство во земјата, објаснување за верските учења и практики што ги прават различни од останатите верски заедници, како и единствен назив и службени ознаки и обележја. Организацијата што поднесува барање за регистрација треба да го посочи и надзорното тело задолжено за нејзиното финансиско работење и да даде информации за финансиските средства на располагање и изворите на финансирање, како и записник од одржаното основачко собрание на организацијата. Законот дозволува регистрација на повеќе различни групи, кои припаѓаат на една иста вера. Лицата што се регистрираат како водачи или законски застапници на религиозните групи, мораат да бидат државјани на Република Македонија.

Судот ги испраќа одобрените барања до Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), како владин орган задолжен за негување на соработката и комуникацијата помеѓу државата и верските групи, која потоа ја внесува организацијата во својот регистар. Доколку судот го одбие барањето за регистрација, организацијата може да ја обжали таквата одлука пред надлежниот апелационен суд. Доколку и апелациониот суд го одбие барањето за регистрација, тогаш организацијата може да поднесе барање за заштита на човековите права до Уставниот суд, повикувајќи се на повреда на верските права. Доколку Уставниот суд го одбие барањето, организацијата може да поднесе тужба до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Законот не им дозволува на религиозните групи да основаат верски основни училишта, меѓутоа, овозможува основање на верски средни училишта и образовни институции на повисоките образовни нивоа. Според образовната програма на Министерството за образование, сите ученици од шесто и повисоките одделенија се должни да одберат еден од трите изборни предмети, при што, два од нив имаат религиозна содржина: Запознавање со религиите и Етика на религии. Според описот што го дава

Министерството, овие предмети го обработуваат прашањето на религијата на академски и непобожен начин. Наставата вообичаено ја реализираат свештеници или имами. Министерството за образование посочува дека сите наставни кадри по овие предмети добиваат обука од овластени високо образовни институции, од страна на професори по филозофија или социологија. Доколку учениците не сакаат да учат некој од верските предмети, тогаш на располагање имаат и трета опција, односно предметот Класична култура во европската цивилизација.

Секој странски државјанин кој влегува во земјата, со цел, да се вклучи во религиозни активности или да врши верски обреди и церемонии, мора да обезбеди работна виза пред пристигнувањето во државата, за што се потребни околу четири месеци. КОВЗРГ води евиденција за сите странски верски претставници присутни во земјата и таа е овластена да врши одобрување или забранување на спроведувањето религиозни активности во државата. Работните визи имаат важност од шест месеци, со можност за нивно продолжување за дополнителни шест месеци. Секое евентуално дополнително обновување на работната виза, е со времетраење од една година. Не постојат ограничувања во однос на тоа, колку пати верските претставници можат да ги обновуваат своите визи. Виза може да им биде издадена и на свештени лица и верски претставници од нерегистрираните верски организации.

Државата е потписничка и членка на Меѓународниот пакт за граѓански и политички права.

Владини практики

Според мислењето на различни универзитетски професори, лидери на невладини организации (НВО) и правни и политички аналитичари, верските разлики и понатаму имаат одредена улога во кривичните и граѓанските постапки пред судовите. Пример за ова, е повторното судење на водачот на ПОА, Архиепископот Јован Вранишковски, за сторено дело перење пари, кое започна на 28 јануари, но веднаш беше одложено за 11 март, а потоа одложено уште еднаш, за да му се даде доволно време на обвинителството да ги испита сведоците. До крајот на годината, судот сè уште немаше одредено датум за одржување на следното рочиште. Во месец мај претходната година, Врховниот суд ја укина осудителната пресуда за перење пари против Вранишковски, поради погрешна примена на материјалното право и процесни повреди во постапката и го врати предметот на повторно судење. Вранишковски веќе имаше издржано три години од затворската казна, во моментот кога беше условно пуштен на слобода, во февруари 2015 година. Доколку на повторното судење биде повторно осуден, времето што веќе го минал во затвор ќе му биде засметано во ново изречената казна. Претставниците на ПОА тврдеа дека станува збор за судски процес со политичка позадина што намерно се одлага, додека Хелсиншкиот комитет за човекови права го нарече Вранишковски политички затвореник. ПОА се жалеше дека целокупниот процес претставува верско прогонување, тврдејќи дека одбивањето на судот да ги деблокира банкарските сметки на здружението Анастасија, граѓанското здружение регистрирано од страна на ПОА, го попречува нормалното функционирање

на ПОА. Тврдењето на обвинителството беше дека Вранишковски го користел здружението Анастасија за нелегални активности. На крајот на годината, новиот судски процес пред Основниот суд Скопје 1, сè уште не беше започнат.

Истовремено, Православната охридска архиепископија беше во исчекување на пресудата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), во врска со нејзиното барање да биде регистрирана како верска организација што беше одбиено од домашните судови, со правно образложение дека не успеала да ја докаже разликата помеѓу нејзиниот назив и обележја и оние на МПЦ-ОА.

На крајот на годината, ЕСЧП веќе ја имаше завршено постапката на судско разгледување на предметот, меѓутоа, сè уште немаше донесено конечна пресуда. Отецот Давид од ПОА, која од Српската православна црква е призната како единствена легитимна и самостојна православна црква во земјата, тврдеше дека власта ја изложила ПОА на медиумско малтретирање и непотребно следење, поради тоа што таа не ја признава целокупната независност на МПЦ-ОА (автокефалноста) од Српската православна црква.

До Основниот суд Скопје 2 беа поднесени четири барања за регистрација на верски организации, а судот одобри едно од нив, поднесено од Евангелско - протестантската црква. Судот го одби барањето поднесено од Бектешката заедница во Кичево. На крајот на годината, одлуките во однос на поднесените барања од Христијанската верска заедница во Македонија и Муслиманската заедница сè уште не беа донесени.

Бектешката заедница во Македонија (Тетово), инаку дел од исламскиот Суфи - ред, и понатаму ја очекуваше пресудата на ЕСЧП во однос на поднесената жалба по тужбата од 2013 година, со која од ЕСЧП бараше да ја поништи одлуката на националниот Уставен суд, со која се одбива жалбата на заедницата поради одбивањето на нејзината регистрација. Според извештаите на Хелсиншкиот комитет, ЕСЧП сè уште нема донесено одлука во предметот за Бектешите, затоа што истиот го разгледува паралелно со други случаи од слична природа, пред да донесе конечна пресуда. Бектешката заедница посочи дека службен претставник од ЕСЧП ги посетил во текот на годината, при што се водела дискусија за конкретниот предмет. Надлежните државни органи продолжија со издавањето визи на странските припадници на Бектешката заедница во Македонија (Тетово).

Помалите верски организации што не се спомнати во Уставот, како што се Јеховините сведоци, Евангелската црква, Бектешката заедница (Тетово) и Православната охридска архиепископија, сметаат дека и покрај нивната регистрација, власта кон нив не се однесува на ист начин, како што тоа го прави кон петте верски организации признати со Уставот. На пример, тие тврдат дека државата ги исклучува од некои официјални случувања, како на пример, службени настани за прослава на национални празници или свечени церемонии на поставување камен темелници за владини објекти и дека не добиваат подеднаква можност за пристап до владините функционери и состаноци со нив. Дополнително, Исламската верска заедница (ИВЗ), како една од петте званично признати верски заедници во Уставот, тврди дека власта е благонаклонета кон МПЦ-ОА, која ужива единствени привилегии, како на пример, можноста за користење јавен

имот и средства без надомест, финансирање на изградба на нови православни цркви и ексклузивни покани за нејзините претставници за присуство на различни владини настани и прослави. МПЦ-ОА негира било каква поврзаност со власта и тврди дека црквата не се меша во политиката.

Еден доктор муслиман од Гостивар се пожали на третманот од граничната полиција, која континуирано го изложувала на вознемирување и непотребно испитување поради неговата долга брада и кратки панталони што ги носел од верски причини, што значело оддолжување на неговото минување на државната граница при секој влез или излез од земјата.

Според тврдењата на ИВЗ, државата и понатаму ја спречувала изградбата на џамија во селото Лажец со мешан етнички состав на населението, поради притисокот од локалното население кое е против изградбата на џамијата. ИВЗ информираше и за континуираните напори на државните органи за блокирање на реконструкцијата на џамијата во Прилеп, која изгоре до темел за време на вооруженио конфликт во 2001 година. Според ИВЗ, надлежните државни органи одбиле да издадат дозвола за повторна изградба на џамијата, со објаснување дека нејзината локација во Прилеп претставува верски споменик на културата.

Верските групации, вклучувајќи ги и муслиманската и католичката заедница, посочуваа дека враќањето на претходно конфискуваниот имот од страна на државата претставува проблем. На пример, на крајот на годината, ИВЗ сè уште се обидуваше да ја поврати сопственоста над Јени џамијата во Битола, која била прогласена за верски споменик на културата и преминала во сопственост на државата во 1950 година. Католичката црква, исто така, бараше од државата да изврши денационализација на нејзиниот имот што бил одземен уште пред комунистичката ера во селото Паљурци на југот од земјата, за да изгради црква и манастир. Судскиот спор во врска со имотот во Паљурци трае веќе 10 години.

По повод добиеното барање од канцеларијата на Народниот правобранител во 2015 година, Државниот просветен инспекторатот при Министерството за образование спроведе истрага и утврди дека ученичкиот марш, во организација на едно од државните училишта во Битола, по повод прославата на она што медиумите го нарекоа “добри православни празници”, не претставувал дел од планираните образовни активности. Инспекторатот поведе постапка против четири основни училишта и нивниот наставен кадар.

Раководството на ИВЗ и понатаму продолжи со тврдењата дека телефоните на нивните лидери се незаконски прислушувани.

Граѓанските организации, како што е на пример Хелсиншкиот комитет, како и помалите верски заедници, вклучувајќи ја и Евангелско - протестантската црква и Бектешите, тврдеа дека државата се меша во верските прашања и често ја политизира верата. На пример, на 15 февруари, група владини функционери, во која беа и премиерот Емил Димитриев, неколку министри, градоначалници и пратеници од владејачката Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска

партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), присуствуваше на церемонијата на поставување камен темелник за изградба на нов црковен комплекс на МПЦ-ОА во руски стил во населбата Железара во Скопје, што беше потпомогнато од одредени службени лица од централната и локалната власт, овозможувајќи ѝ на МПЦ-ОА да го обезбеди потребното градежно земјиште и неопходните дозволи за градба.

На 28 февруари, полицијата мораше да интервенира за да го спречи судирот помеѓу членовите на МПЦ-ОА и спротивставените муслимани, а во врска со изградбата на 50-метарскиот крст во скопската општина Бутел со население од мешан етнички состав на Македонци и Албанци. Претседателот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) ги повика граѓаните да се воздржат од било какви конфронтации, а мониторите на Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ) помогнаа да се постигне спогодба, со која беше прекината изградбата на крстот. Во месец септември, Уставниот суд го одби барањето на политичката партија Движење за реформи – Демократска партија на Албанците (ДР-ДПА) за оценка на законитоста на изградбата на крстот, со образложение дека нема надлежност да одлучува по тоа прашање.

Со помош на ОБСЕ, Одделението за нормативна дејност во кривична и граѓанска материја при Министерството за правда, работеше на изготвување нови законски одредби за кривичните дела од омраза, вклучувајќи ги и оние на верска основа. На крајот на годината, овие нацрт законски акти сè уште не беа завршени.

Според информациите од КОВЗРГ, Комисијата издавала одобренија за работа на сите странски мисионери и свештени лица, кои имале поднесено барања за реализација на верски активности во текот на годината.

Дел 3. Состојба во однос на почитувањето на верските слободи во општеството

Во месец април, поранешниот генерален секретар на ИВЗ и поранешниот скопски муфтија поднесоа кривична пријава против тогашното раководство на ИВЗ, поради случувањата поврзани со нивната наводна незаконска смена во 2015 година. Во ноември и декември, кривичниот суд во Скопје ги отфрли обвиненијата против раководството на ИВЗ.

Во еден друг случај поврзан со овие промени во раководството, ИВЗ побара од обвинителството да преземе кривично гонење на 27 лица, поради нивното учество во вооружениот напад и 13-дневната окупација на канцелариите на ИВЗ во 2015 година. На 4 ноември, кривичниот суд во Скопје донесе осудителна пресуда против 23 лица и им изрече условни казни од по три месеци. Обвинетите ја обжалија ваквата одлука, а жалбената постапка беше сè уште во тек на крајот на годината. Според мислењето на ИВЗ, изречените казни биле премногу благи.

Припадниците на Бектешката заедница и понатаму продолжија со пријавување инциденти на малтретирање од страна на лица поврзани со ИВЗ, а кои престојуваат во

Арабати Баба теќето во Тетово. Нивните претставници тврдеа дека тие самите, а и другите посетители на теќето се честа мета на вербално малтретирање и дека некои од "насилниците" од ИВЗ барале од нив да го напуштат теќето.

Имаше неколку случаи на антисемитски говор на социјалните медиуми. Новинарот Миленко Неделковски на два пати поставуваше погрдни коментари за еврејската заедница. Тој тврди дека голем дел од светот е под контрола на Евреите - Ашкенази и ги претставува како "идеолози, финансиери и организатори на Холокаустот" и "креатори на перцепцијата дека Евреите биле најголемите жртви на Нацистите". Еврејската заедница јавно не одговори на ваквите наводи, посочувајќи дека не сака да привлекува дополнително внимание врз написите на Неделковски.

Во својата реакција по повод терористичките напади во Брисел, ИВЗ ги осуди сите евентуални манипулации и криминално однесување во името на Исламот. ИВЗ побара од сите муслимански верници да "влезат во сојузништво со западните држави и да помогнат во координацијата на активностите што се преземаат против сите терористи".

Невладината организација Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, ја продолжи соработката со Министерството за образование во однос на реализацијата на образовните програми за Холокаустот и еврејската историја и за целите на унапредување на меѓуверската соработка. Преку овој проект, наставниот кадар во средните училишта беше оспособен да реализира предавања за учениците, на темата на Холокаустот и еврејската историја.

Се случија неколку инциденти на вандализам насочен против различни верски објекти и локации. Во месец мај, непознати вандали ограбија две џамии во Тетово. Претставниците на ИВЗ изјавија дека не сакаат да им даваат преголем публицитет на ваквите ситни инциденти, затоа што во спротивно, истите би можеле да предизвикаат екстремизам и влошување на состојбата. Во февруари, непознати сторители украдоа неколку икони од една црква на МПЦ-ОА во Делчево, а во април, непознати лица предизвикаа имотна штета во православна црква во Дебар, каде, според информациите на МПЦ-ОА и извештаите во медиумите, тие вршеле ископувања во обид да пронајдат злато.

Според податоците на МПЦ-ОА, во православните цркви и манастири низ целата земја, се имаат случено десетици кражби. Во најголем дел, станува збор за кражби на парите собрани од донации и еден помал број предмети од националното културно богатство, како на пример икони. Во февруари и октомври, полицијата изврши неколку апсења во врска со кражбите во црквите. Освен тоа, во месец мај, при обидот да ја мине државната граница со Србија, надлежните органи лишија од слобода и еден српски државјанин, кој бил осомничен за сторена кражба во некоја од црквите.

Дел 4. Владина политика на САД

Во месец март, Амбасадорот на Соединетите американски држави оствари средба со тогашниот Министер за правда Аднан Јашари, а во септември, претставници од американската амбасада се сретнаа со Министерот за правда Валдет Џафери, за да разговараат за новите законски одредби за говорот на омраза и кривичните дела од омраза, во кои се вклучени и говорот на омраза и кривичните дела против верски цели. Амбасадорот зборуваше и на темата на меѓуверската толеранција, важноста на постоењето отворен дијалог и борбата против насилниот екстремизам со високите државни функционери, како и со Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и Директорот на Институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика при Министерството за надворешни работи Абдулкадар Мемеди, како и на други јавни настани, вклучувајќи ја и Конференцијата на тема: Конфликтот на Блискиот Исток и Северна Африка – Зголемување на транснационалните закани за безбедноста.

Во февруари и јуни, Амбасадорот на САД се сретна со поглаварот на ИВЗ, при што тие разговараа за прашањата на верска слобода, како што се мешањето на политиката и фаворизирањето, како и борбата против насилниот екстремизам. Уште едно службено лице од Амбасадата оствари средба со претставниците од помалите верски заедници, како што се Бектешите, христијаните Евангелисти и припадниците на Црквата на Исус Христос на светците од последниот ден (Мормоните) и претставници на граѓанскиот сектор, вклучувајќи ги и Хелсиншкиот комитет и Балканскиот институт за вера и култура, на која се водеше дискусија за верските слободи.

Во месец септември, заедно со уште неколку владини агенции на САД, Амбасадата ја поддржа организацијата на една тридневна работилница за верските слободи. На работилницата учествуваа верски лидери, судии, обвинители, државни функционери и претставници од граѓанскиот сектор. Амбасадорот имаше свое обраќање на почетокот на работилницата, при што ја потенцираше важноста на верската толеранција и ги охрабри учесниците да се заложат за толеранција во своите сфери на влијание. Акцентот во текот на работилницата беше ставен врз начинот на кој верските заедници и невладините организации би можеле да придонесат кон заштитата на верските слободи и толеранцијата со владините партнери и начинот на кој може да се спречи насилството на верска основа. Голем број од учесниците го изразија своето задоволство од обуката и со жалење посочија, дека во земјата не постојат други форуми за развивање отворен дијалог за верската толеранција меѓу соодветните чинители. Амбасадата финансираше и една кампања за подигање на јавната свест и една училишна програма за подобрување на верската толеранција, меѓусебното разбирање и почитувањето помеѓу етничките Албанци (во најголем дел муслимани) и етничките Македонци (во најголем дел православни христијани). Во рамки на програмата, за потребите на наставниот кадар беше организирана обука за подигање на нивото на почит за различностите, а беа воведени и одредени стимулации за училиштата, со цел, меѓуетничката интеграција да ја вклопат во своите воншколски активности.

Во месец ноември, Амбасадата беше домаќин на еден американски експерт за борба против насилниот екстремизам и верска толеранција. Тој оствари средби со повеќе владини претставници, лидери на политички партии, медиуми и ИВЗ (претставници од раководството и имами) и со нив зборуваше за важноста на дијалогот и верската толеранција, за потребите на борбата против насилниот екстремизам.

Амбасадата обезбеди поддршка за Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија преку една мала дотација, која беше искористена за финансирање на семинар за наставниот кадар на тема Сефардска еврејска историја и Холокаустот, а ги покри и патните трошоци за тројца учесници на летните академии за Холокаустот што се одржаа во Виена, Прага и Берлин.